Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 14-3998/5
09. 11. 2018 год
СКОПЈЕ

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА**

**АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНО НАСИЛСТВО (ИСТАНБУЛСКА КОНВЕНЦИЈА) ЗА 2018-2023 ГОДИНА.**

**Ноември 2019 година**

На 9.10.2018 година Владата на Република Македонија го прифати Акцискиот План за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска Конвенција) за 2018-2023година.

Воедно, го задолжи Министерството за правда и другите надлежни институции да изготват Оперативен План за спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план кои се во нивна надлежност со буџет и временска рамка за 2019 година и да го објават на своите web страни.

Овој оперативен план содржи активности од надлежност на Министерството за правда со временска рамка за 2019 година и буџет за нивна реализација.

| **Цел 1: Усогласување на националните закони со одредбите на Конвенцијата** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорна институција/организација** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Измени и дополнување на Кривичниот Законик** | Носител: Министерство за правда,<br><br>Во соработка со: Собрание на РМ, органи на државна управа, судови, обвинителства и граѓански организации | Формирана работна група за подготовка на измените на Законот | 2019 година | Буџет на Министерството за правда<br><br>Донации |
| | | Дефинирано родово базирано насилство | | |
| | | Усогласени се елементите на кривичното дело силување со Конвенцијата | | |
| | | Усогласени се елементите на кривичното дело убиство на жена | | |
| | | Криминализирано е: демнење, сексуално вознемирување, принуден брак, генитално осакатување и построгото казнување за кривичните дела што се извршени заради зачувување на честа | | |
| | | Усвоени измените и дополнувањата на Законот | 2019 година | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Донесување Закон за обештетување на жртвите на кривични дела** | Носител: Министерство за правда<br><br>Во соработка со: Собрание на РМ, органи на државна управа, судови, обвинителства и граѓански организации | Формирана работна група за подготовка на Законот | 2018 година | Буџет на Министерството за правда<br><br>Донации |
| | | Регулирано воспоставувањето фонд за обештетување на жртви на родово базирано насилство | | |
| | | Усогласени се одредбите за обештетување на децата жртви на кривични дела од државен фонд со овој закон | | |
| | | Усвоен Законот | 2019 година | |
| **Законот за бесплатна правна помош** | Носител: Министерство за правда<br><br>Во соработка со: Собрание на РМ, органи на државна управа, судови, обвинителства и граѓански организации | Доставени коментари до работната група на Министерството за правда за усогласување на одредбите од предлог-законот со Конвенцијата | 2018 година | Буџет на Министерството за правда |
| | | Жртвите на семејно насилство се препознаени како категорија што има право на бесплатна правна помош | | |
| | | Усвоени измени и дополнувања на Законот | 2019 година | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Измена и дополнување на Законот за кривична постапка** | Носител: Министерство за правда<br><br>Во соработка со: Собрание на РМ, органи на државна управа, судови и обвинителства | Формирана работна група за подготовка на измените на Законот | 2019 година | Буџет на Министерството за правда<br><br>Донации |
| | | Изменет член 53 од Законот со кој се проширува законската можност за обесштетување на сите жртви на родово базирано насилство од државниот фонд, независно од висината на казната предвидена за кривичното дело. | | |
| | | Вклучена е одредба со која во случај на сексуално насилство се гарантира преглед на жртвата од вештак по избор на жртвата | | |
| | | Вклучена е одредба со која се гарантира дека доколку жртвата не даде согласност за телесен преглед, прегледот може да се изврши единствено со наредба од суд | | |
| | | Усвоен Законот | 2019 година | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Измена и дополнување на Судскиот деловник** | Носител: Министерство за правда<br><br>Во соработка со: Врховен суд на Република Македонија | Формирана работна група за подготовка на измената на Судскиот деловник | 2019 година | Буџет на Министерството за правда<br><br>Донации |
| | | Вклучени посебни категории за евиденција на случаи на семејно насилство и родово базирано насилство во граѓанска и кривична постапка | | |
| | | Усвоен Судски деловник | 2020 година | |

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
д-р Рената Дескоска

Изготвил: Тања Кикерекова, Раководител на Одделение
Одобрил: Мимоза Киковска – Стојменова, државен советник